РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1476/1
31.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 11, член 15 став 1 алинеја 12 и член 41 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр. 01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр. 02-1331/3 од 31.3.2026 година, на 12-та седница одржана на 30.3.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се одобрува годишниот Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година (со Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор за 2025 година и Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за 2025 година и годишна сметка со реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за 2025 година)

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, најдоцна до 31 март во тековната година, има обврска да даде отчет пред Собранието на Република Северна Македонија, со доставување извештај за својата работа во претходната година.

Следствено на тоа, беше изработен годишен Извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, кој согласно член 8 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги содржи: извештај за реализацијата на активностите утврдени во Програмата за работа на Агенцијата за 2025 година, Извештај за реализацијата на Годишниот план за програмски надзор за 2025 година, Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план за 2025 година и Годишна сметка со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година, групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и став на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија.

Имајќи го предвид горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеја 4, а во врска со член 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) и член 11, член 15 став 1 алинеја 12 и член 41 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр. 01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Заклучокот бр. 02-1331/3 од 31.3.2026 година, на 12-та седница одржана на 30.3.2026 година, донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Совет,

м-р Сашо Стефановски

Примерок од одлуката да се достави до:
- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи – архива.